[redacted]

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 01-10-2024 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| 11 - | 117 | | |

[redacted]

**ДО:**

**Општина Битола**
Одделениа за образование и јавни дејности
Е-пошта: emilija.ilievska.ob@gmail.com
evgenija.cukaleva.ob@gmail.com

**Б А Р А Њ Е**

**ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

[redacted], застапуван од [redacted]

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: /

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

Европскиот центар за правата на Ромите од Брисел, како правни застапници на апликантите во предметот Елмазова и други против Северна Македонија А.бр.11811/20 и 13550/20, Ве контактира со цел добивање одговори на следните прашања:

1. Кои активности се досега преземени од страна на општина Битола со цел извршување на Пресудата на Европскиот суд за човекови права во предметот Елмазова и други против Северна Македонија А.бр.11811/20 и 13550/20?.
2. Дали општина Битола досега има направено измена на Правилникот за упис на ученици во прво одделение и Правилникот за реонизација?. Доколку да, замолуваме копија од истите.
3. Дали планот за десегрегација е изработен од страна на Вашиот консултатнт Огнен Спасовски?. За кога е планирана имплементацијата?. Доколку да, замолуваме копија од истиот.
4. Кои други активности се преземени или се планирани од страна на Општината со цел спречување на натамошна сегрегација во општинските основни училишта?. Замолуваме конкретни податоци.

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид

- б) **препис**

- в) фотокопија

- г) електронски запис

- д) друго ______________________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта

- б) телефон

- в) факс

- г) **е-маил**

- д) друго ______________________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Потпис**

[redacted]а [redacted]

[redacted]

ОПШТИНА БИТОЛА

Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи
Одделение за административни и општи работи

До
Одделение за Јавни дејности

Бр.11-117/2
01.10.2024

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Ви го доставувам барањето бр. 11-117/1 за пристап до информации од јавен карактер.

Ве молам за писмено известување по однос на истото (одговор) во рок од 5 работни дена.

Лице за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер

Емилија Илиевска

02.10.2024г.

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 302 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 07.10.2024 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| 11 | 117/3 | | |

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија**

Битола,04.10.2024 год.
Бр.41-227/3

До
Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи
Одделение за административни и општи работи

Предмет:Одговор на Барање

Во врска со Вашиот допис Бр.11-117/2 од 02.10.2024 година за пристап до информации од јавен карактер поднесено од [redacted] Во прилог Ви ги доставувам предлозите од Општина Битола и активностите од ОУ„Ѓорѓи Сугарев“.

Со почит,

раководител
Снежана Петровска

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 335 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@mt.net.mk www.bitola.gov.mk

## Образование

**From:** Образование <obrazovanie@bitola.gov.mk>
**Sent:** среда, 25 септември 2024 13:29
**To:** 'Arabela Iljaz'
**Subject:** FW: Predzozi

**From:** Образование <obrazovanie@bitola.gov.mk>
**Sent:** Tuesday, July 9, 2024 2:55 PM
**To:** 'Arabela Iljaz' <Arabela.Iljaz@mon.gov.mk>
**Subject:** FW: Predzozi

Pocituvana!
Vi go preprakam i mailot sto go dostavivme do Ministerstvo za pravda - Biro za zastapuvanje na Republika Severna Makedonija pred Evropskiot sud za covekovi prava od Opstina Bitola 'biroescp@mjustice.gov.mk'.
So pocit,
Snezana Petrovska
Opstina Bitola

**From:** Образование <obrazovanie@bitola.gov.mk>
**Sent:** Thursday, May 2, 2024 9:54 AM
**To:** 'biroescp@mjustice.gov.mk' <biroescp@mjustice.gov.mk>
**Subject:** Predzozi

Pocituvani!
Vo vrska so Vasiot dopis Br.0901-86/4 od 22.04.2024 godina, sektorot za javni dejnosti obrazovanie, kultura i sport od Opstina Bitola go razgleda akciskiot plan za merki za nadminuvanje i sprecuvanje na segregacijata na Romi vo ucilistata i navistina timot koj rabotel na istiot napravil seopfatna analiza na site segmenti, sledejki gi upatstvata od presudata na Evropskiot sud za covekovi prava vo slucajot ,,Elmazova i drugite protiv Severna Makedonija".
Nasite predlozi za sprecuvanje na segregacijata na romskite ucenici vo osnovnoto uciliste ,,Gorgi Sugarev" vo Opstina Bitola se odnesuvaat i davaat prioritet na promenite na Zakonot za osnovno obrazovanie od strana na Ministerstvoto za obrazovanie i nauka, kade upisot na ucenici ke obezbedi stroga primena na odlukite za reonizacija, a taa primena na Zakonot za osnovno obrazovanie ke ja sledi Drzavniot prosveten inspektorat zaedno so ovlasteniot opstinski prosveten inspector.
Drugiot predlog sto Opstina Bitola go razgleduva i go predlaga kako mozno resenie za sprecuvanje na segregacijata na romskite ucenici vo osnovnoto uciliste ,,Gorgi Sugarev" e osnovnoto uciliste ,,Gorgi Sugarev" da bide osnovno uciliste od I oddelenie do V oddelenie, a da gi opfaka ucenicite od reonite koi pripagaat na osnovnoto uciliste ,,Gorgi Sugarev" i osnovnoto uciliste ,,Todor Angelevski", dodeka pak osnovnoto uciliste ,,Todor Angelevski" da bide uciliste od VI oddelenie do IX oddelenie i da gi opfaka ucenicite od istiot reon, odnosno ucenicite od dvata reona na dvete osnovni ucilista .
So pocit,
Snezana Petrovska
Opstina Bitola

ОПШТИНА БИТОЛА

Градоначалник

Битола, 02.05.2024 год.
Бр.41-124/4

До
Министерство за правда
Биро за застапување на Република Северна Македонија
пред Европскиот суд за човекови права
1000 Скопје

Предмет:Предлози во врска со Ваш Бр.0901/4 од 22.04.2024 година

Во врска со Вашиот допис Бр.0901/4 од 22.04.2024 година, секторот за јавни дејности, образование, култура и спорт од Општина Битола го разгледа акцискиот план за мерки за надминување и спречување на сегрегацијата на Роми во основните училишта и навистина тимот кој работел на истиот направил сеофатна анализа на сите сегменти, следејќи ги упатствата на Европскиот суд за човекови права во случајот „Елмазова и другите против Северна Македонија“.

Нашите предлози за спречување на сегрегацијата на ромските уценици во основното училиште „Ѓорѓи Сугарев“ во Општина Битола се однесуваат и даваат приоритет на промените на Законот за основно образование од страна на Министерството за образование и наука, каде уписот на ученици ќе обезбеди строга примена на одлуките за реонизација, а таа примена на Законот за основно образование ќе ја следи Државниот просветен инспекторат заедно со овластениот општински просветен инспектор.

Другиот предлог што Општина Битола го разгледува и го предлага како можно решение за спречување на сегрегацијата на ромските ученици во основното училиште „Ѓорѓи Сугарев“ е основното училиште „Ѓорѓи Сугарев“ да биде основно училиште од I одделение до V одделение, а да ги опфаќа учениците од реоните кои припаѓаат на основното училите „Ѓорѓи Сугарев“ и основното училиште „Тодор Ангелевски“, додека пак основното училиште „Тодор Ангелевски“ да биде училиште од VI одделение до IX одделение и да ги опфаќа учениците од истиот реон, односно учениците од двата реона на двете основни училишта.

Со почит,

Градоначалник
Тони Коњановски

изработил:Наташа Ташкова Поповска
контролирал:м-р Виолета Налевска
одобрил:Снежана Петровска

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 335 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@mt.net.mk www.bitola.gov.mk

Почитувани

Пред се ви благодариме за покажаниот интерес и слух за нашиот проблем со кој се соочуваме подолг временски период. Нашето училиште, заедно со вработениот наставен кадар и училишната администрација се обидува со различни методи и начини да спречи сегрегација во училиштето. Работиме и на терен со цел зголемување на свесноста за запишување на ученици според реонизација , квалитетот на наставниот кадар и сите проекти и награди кои ги добиваме и сме вклучени редовно се експонирани.

Проблемот е произнесен до повеќе институции и ние веќе сме ,,етикетирани" како ромско училиште. Свесноста кај популацијата во нашата општина сеуште е насочена кон стереотипно размислување и дискриминација на граѓаните од другите етнички заедници. Кога станува збор за реонизација имаме проблем бидејќи ние регуларно ја почитуваме, праќаме покани и лично ги доставуваме на врата проследено со презентација за нашето училиште, меѓутоа проблемот произлегува од соседните училишта ОУ,,Тодор Ангелевски-Битола и ОУ,,Трифун Пановски" – Битола кои без почитување на правилата и законите за запишување на ученици во прво одделение ги запишуваат нашите деца(македонци) без согласност дадена од наша страна, а секако рокот за запишување е до 31 мај и тие не смеат да примаат наши ученици до тогаш. Децата се веќе запишани кај нив и подоцна дел од нив после поминат рок бараат согласност која смеат да ја добијат бидејќи секое училиште кое има слободни места има право да прими ученик.(иако тие веќе се запишани кај нив). **Кога ученик Ром ќе се пријави да се запише во друго училиште јасно им нагласуваат да дојде да се запише во нашето бидејќи тука му е средината.** Исто така родителите Македонци јасно искажуваат став дека не сакаат нивните деца да учат во нашето училиште каде што 90 % од популацијата се Роми.

Потребна ни е поддршка од локалната самоуправа да можеме да ја спроведеме реонизацијата како што е формирана. Друг проблем е што сите невладини организации за инклузија на ромите во општеството се насочени само во нашето училиште со што дополнително ни прават проблеми.

Опфатот на учениците од реонот на ООУ "Ѓорѓи Сугарев" кој не е во согласност со реонизацијата, го наметна проблемот на создавање чисто ромски паралелки. Ваквата состојба се провлекува повеќе од десет години и зема се поголем замав.

За сето тоа придонесуваат негативните стереотипи и предрасуди за Ромите, на родителите Македонци кои не сакаат нивните деца да следат настава со учениците Роми.

Осипаноста претставува сериозен проблем со кој што се соочуваме во ООУ „Ѓорѓи Сугарев". Причините за осипувањето се најчесто миграциите и сиромаштијата односно високата стапка на невработеност и лошите социоекономски услови, како и нарушени семејни односи. Кај поголем број на ученици Роми старателството го имаат нивните баби и дедовци, а со тоа се нарушува квалитетот на семејното воспитание. Учениците Роми што го имаат напуштено училиштето имаат родители што се без образование или со помалку од четири одделенија. Сето ова ја налага потребата од образование на родителите Роми што имаат деца на училишна возраст, со што би се подигнала свеста за значењето на образованието, а со тоа и

олеснувањето на нивниот живот. Во овој случај Министерството за туд и социјална политика потребно е да изготви мерки за поддршка на родителите што ќе го посетуваат основното образование, вклучително и мерки за нивно вработување.

Училиштето превзема различни активности за задржување на учениците во училиштето, најчесто се реализираат советувања со родителите од страна на училишниот психолог, но тоа не ги дава потребните ефекти.

Причина за осипувањето на поголем број ученици кои се вратиле од странство е процедурата за нострификација за одреден степен на образование, која е комплицирана и скапа. Често пати тоа е причина учениците кои дел од образованието го завршиле во странство, да останат дома наместо да го продолжат своето образование.

За намалување на бројот на учениците што се во ризик предвреме да го напуштат училиштето е да се овозможи продолжен престој за овие ученици и овозможување бесплатен оброк. Меѓутоа за тоа се потребни согласност од МОН и обезбедување на дополнителни финансиски средства.

Наставниците од ООУ "Ѓорѓи Сугарев" потпирајќи се на своето долгогодишно работно искуство кое го поседуваат, кои наставата ја реализираат во чисто ромски паралелки во последните десет години, укажуваат на проблемот со нередовното посетување на наставата како главна причина за слабиот успех на учениците Роми, а тоа го зголемува ризикот за предвремено напуштање на основното образование. Наставниците посебно ја нагласуваат важноста од создавање на паралелки со што би се вклучиле и учениците Македонци од реонот на ООУ "Ѓорѓи Сугарев", со што би се надминале досегашните начини на дискриминација и сегрегација на учениците Роми.

Од особена важност е донесувањето на скратени програми за организирање и изведување настава за лица што поради различни причини не успеале навреме да се запишат и да завршат основно образование, а се на возраст што го отежнува вклучувањето во редовните паралелки.

Значајна препорака од училиштето би била да се овозможи училиштето да се лиценцира за образование за возрасни, системски да се реши проблемот на вклучување на образованието на учениците кои се враќаат од странство.

Добредојдени сте да не посетите и да направите увид на целата проблематика.

Со почит,

ООУ,,Ѓорѓи Сугарев‘‘- Битола

HUMAN RIGHTS, DEMOCRACY AND THE RULE OF LAW

COUNCIL OF EUROPE / CONSEIL DE L'EUROPE

DROITS DE L'HOMME, DÉMOCRATIE ET ÉTAT DE DROIT

Проект „Квалитетно образование за сите" – Северна Македонија

## ИЗВЕШТАЈ ОД ДИСЕМИНАЦИЈА

## МОДУЛ 1:КРАТОК КУРС НА ВРЕДНОСТИ

**Цели на проектот**:

- Промовирање на демократијата и човековите права во образованието;
- Развивање и креирање на образовни политики во кои ќе учествуваат директорот,стручната служба, наставниците,учениците , училишниот персонал и родителите.

Како училиште ќе промовираме демократско учество во образованието со потребни алатки и вештини.

**Мисија на училиштето:**

НИЕ ВЕРУВАМЕ ДЕКА СЕКОЕ ДЕТЕ МОЖЕ ДА УЧИ И НАУЧИ

**Мото на училиштето:**

ВО НАШЕТО УЧИЛИШТЕ ИМА МЕСТО ЗА СИТЕ ДЕЦА

- Најголемо почитување треба да имаме кон детето кое го воспитуваме;
- Треба да учиш се дотогаш додека постои нешто што не знаеш;
- Наставата треба да му овозможи на успешниот ученик да биде поуспешен, а помалку успешниот да го поттикнува за да се радува на постигнатото;
- Во нашето училиште сите деца се различни, а сепак еднакви;
- Силата не оддалечува, а добрината не зближуваа;
- Учењето не облагодарува и не оспособува за она што не чека во животот

**Визија на училиштето**

**НИЕ САКАМЕ НАШЕТО УЧИЛИШТЕ ДА БИДЕ ПРИЈАТНА И БЕЗБЕДНА СРЕДИНА ВО КОЈА УЧЕНИЦИТЕ ДОАЃААТ СО ЗАДОВОЛСТВО БИДЕЈЌИ ИМ НУДИМЕ КВАЛИТЕТНА, СОВРЕМЕНА И ИНКЛУЗИВНА НАСТАВА ПРИСПОСОБЕНА НА НИВНИТЕ ПОТРЕБИ И ИНТЕРЕСИ.**

| ЉУБОВ | ВИСТИНА | МИР | ДОБРО ОДНЕСУВАЊЕ | НЕНАСИЛСТВО |
|---|---|---|---|---|
| ТРПЕЛИВОСТ | ОТВОРЕНОСТ | ВНИМАНИЕ | ЧОВЕКОЉУБИВОСТ | ТРПЕЛИВОСТ |
| НЕЖНОСТ | ФЕР ОДНОС | ДОСТОИНСТВО | СОЛИДАРНОСТ | ДИЈАЛОГ |
| ПОСВЕТЕНОСТ | СЕРИОЗНОСТ | СРЕЌА | ВНИМАТЕЛНОСТ | РАЗБИРАЊЕ |
| РАДОСТ | АНГАЖИРАНОСТ | ОПТИМИЗАМ | ЧЕСНОСТ | ПРАВЕДНОСТ |
| ДОБРА ВОЛЈА | ОПТИМИЗАМ | ЧЕСНОСТ | ВОПСИТАНОСТ | САМОКОНТРОЛА |
| СРЕЌА | ЧЕСНОСТ | РАЗУМНОСТ | ПРАВЕДОСТ | РАЗУМНОСТ |
| ГРИЖА | РАЗУМНОСТ | ХАРМОНИЈА | ДОВЕРБА | ЉУБОВ |
| РАЗБИРАЊЕ | РАЗМИСЛУВАЊЕ | ДИСЦИПЛИНА | ХРАБРОСТ | ДОВЕРБА |
| ДОВЕРБА | ПРАВЕДНОСТ | ПРИЈАТЕЛСТВО | САМОКОНТРОЛА | |
| ОТВОРЕНОСТ | ДОВЕРБА | | УЧТИВОСТ | |
| ДОСТОИНСТВО | ХРАБРОСТ | | БОНТОН | |
| ВЕРНОСТ | ЉУБОПИТНОСТ | | | |
| ИСТРАЈНОСТ | ИСКРЕНОСТ | | | |
| ХРАБРОСТ | | | | |
| СИМПАТИЈА | | | | |
| ВНИМАТЕЛНОСТ | | | | |
| НЕСЕБИЧНОСТ | | | | |
| ПОМАГАЊЕ | | | | |
| ПРИЈАТЕЛСТВО | | | | |
| ЉУБЕЗНОСТ | | | | |
| ЉУБОВ КОН ПРИРОДАТА | | | | |
| ГРИЖА ЗА ДРУГИТЕ | | | | |

**Основен тим на ООУ ЃОРЃИ СУГАРЕВ**

Област:ПРИДАВАЊЕ ВРЕДНОСТ НА КУЛТУРНА РАЗНОВИДНОСТ

Приоритетно прашање:
Генерална цел:

| СЕГАШЕН СТАТУС Каде сме сега? (Основни податоци) | ОЧЕКУВАНИ ИСХОДИ Кои се вашите SMART цели и критериуми за успех според кои може да се мерат достигнувањата? (Идентификувајте ги индикаторите) | ПРЕЗЕМЕНИ ДЕЈСТВА Кои се клучните активности кои ќе дадат резултати? (Идентификувајте ги активностите и стратегиите) | ВРЕМЕ Кога ќе се случи секоја активност? (Идентификувајте ги датумите/времето за реализирање на активностите | ОДГОВОРНОСТИ Кој ќе биде одговорен за различните активности? Кој друг треба да се вклучи? (Идентификувајте ги луѓето и нивните улоги) | РЕСУРСИ Кои ресурси ќе ви бидат потребни? (Идентификувајте ги човечките и финансиските ресурси) | СТРАТЕГИИ ЗА МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА Како ќе ги измерите резултатите? |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Одбивање/збегнување на родителите на учениците од други етнички заедници (Македонци) да ги запишат нивните деца во училиштето.<br>Нарушен ни е мултиетничкиот карактер поради висока застапеност на ученици од ромска националност 90%<br>•Премин на ученици од едно училиште во | Подигната свест на родителите дека во училиштето им се нуди квалитетно образование на нивните деца од високо квалитетен наставен кадар подеднакво како останатите училишта.<br>Мерливи индикатори ни се постигнувањата на учениците на различни натпревари и вклученост во бројни проекти. | Работилници со родители и ученици од различни етнички заедници за важноста од заедничко живеење<br>Отворен ден за родители за запознавање со училиштето и вработените<br>Соработка со градинката која ги опфаќа учениците од овој реон | Април/Мај<br>Април/Мај<br>Веќе реализирана | Сите вработени<br>Стручна служба и наставници во одделенска настава, Локална самоуправа<br>Образовни медијатори и стручна служба | Сите кои се вклучени во животот на училиштето<br>Менаџмент, стручна служба, наставници, родители<br>Финансиски средства за обнова на фасадата на училишниот објект и спортските терени | Задоволување на образовните потреби на учениците(анкета)<br>Искуства на учениците од учењето(анкета)<br>Евалуација на јаки и слаби страни(според самоевалвациј |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| друго да се | Задржување/намалување на бројот (осипување) на ученици<br>Опфат на учениците<br>•Редовност во наставата<br>•Намалување на бројот (осипување) на ученици | Соработка со НУУБ – Битола каде што го зголемуваме опфатот на потенцијални родители кои имаат ученици за упис во активности за развивање читање книги и вештини за комуникација.<br>Соработка со детскиот парламент од други училишта градење на интеркултурни компетенции и соживот.<br>Медиумска приказна за нашето училиште, зголемување на граѓанска свест | Мај (соработката веќе трае цела година)<br>Мај/Јуни<br>Мај/јуни | Совет на родители и наставници<br>Директор, одговорен наставаник ,Невладини организации<br>Наставник по информатика и комисија од училиштето, ученици<br>*Целите имаат ограничен фокус бидејќи зависат од надворешни фактори односно ние сме зависна варијабла , а надворешното опкружување е независна варијабла! | | а на училиштето преку квалитативна и декриптивна анализа по нивоа)<br>Анализа на напредокот на учениците по паралелки<br>Просторни капацитети<br>•Просторни услови уредување според нова концепција<br>• Материјално-технички средства |

| | НАСТАН | СИТУАЦИЈА | ИЗБОР | ЛИЧНОСТ | ПРИЧИНА | ЗНАЧЕЊЕ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| СЕГАШНОСТ | Што е? | Каде/кога е? | Кои се? | Кој е? | Зошто е? | Како е? |
| МИНАТО | Што направи? | Каде / кога направи? | Што направи? | Кој направи? | Зошто направи? | Како направи? |
| МОЖНОСТ | Што може? | Каде / кога може? | Кои може? | Кој може? | Зошто може? | Како може? |
| ВЕРОЈАТНОСТ | Што би? | Каде / кога би? | Кои би? | Кој би? | Зошто би? | Како би? |
| ПРЕДВИДУВАЊЕ | Што ќе? | Каде / кога ќе (направи)? | Кои ќе? | Кој ќе? | Зошто ќе? | Како ќе? |
| ИМАГИНАЦИЈА | Што би можело? | Каде / кога би можело (да се направи)? | Кои би можеле? | Што би можеле? | Зошто би можеле? | Како би можеле? |

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

Бр.11-117/4
09.10.2024

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот [redacted] поднесено на **01.10.2024 година**, имателот на информацијата **Општина Битола** го донесе следното:

## Р Е Ш Е Н И Е

**СЕ УВАЖУВА** барањето на [redacted], по барање за пристап до информации од јавен карактер **бр.11-117** од **01.10.2024 година**, каде бара одговори поврзани со Пресуда во предметот Елмазова и други против Северна Македонија, и правилник за упис на ученици во прво одделение.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Барателот [redacted] поднесе барање за пристап до информации од јавен карактер заведено под број 11-117 на ден 01.10.2024 година. Во барањето наведе дека бара одговори поврзани со Пресуда во предметот Елмазова и други против Северна Македонија, и правилник за упис на ученици во прво одделение.

.Врз основа на Барањето информација од јавен карактер имателот на информацијата **Општина Битола ви ја доставува информацијата и прилозите:**

1.Барање за пристап до информации од јавен карактер со бр.11-117/1 од 01.10.2024.
2.Допис до Одделение за Јавни дејности со бр. 11-117/2 од 01.10.2024.
3. Одговор од Одделение за Јавни дејности со бр. 11-117/3 од 07.10.2024.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.
Решено во **Општина Битола** на 09.10.2024 година, под бр. 11-117/4.

**Службенено лице за посредување при остварување**
**на правото на слободен пристап**
**до информации од јавен карактер**

**Емилија Илиевска**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА